С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 5 година XLIII

29 март 2007

50.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на на Буџетски календар

Се објавува Заклучокот за усвојување на Буџетскиот календар, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/1
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Буџетски календар

1.Советот на Општина Велес го усвои Буџетскиот календар.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1348/3
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ' бр.61/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

Можен датум	Буџетски активности	Одговорност
декември/ февруари-март	Советот на Општината го донесува буџетскиот календар	Закон за финансирање на ЕЛС, („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, член 27, став 4 и 5)
април	Министерот за финансии доставува до Владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години	Закон за буџетите(„Сл.весник на РМ“ бр.64/05, член 16)
април	Советот на Општината ја усвојува или разгледува фискалната стратегија на Општината	Одделението за локален економски развој
април-мај	Градоначалникот подготвува препораки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет	Градоначалник Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
мај - јуни	Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции	Буџетски корисници
јули - август	Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или набалени барања)	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
септември	Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.)	Закон за буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.64/05, член 21) Закон за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, член 27, став 1 и 2)
октомври	Градоначалникот и Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година	Градоначалник, Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
октомври	Буџетските информации се доставуваат до Оделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
октомври	Проценките на трошоците за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот од останатите одделенија и сектори	Раководители на сектори Раководители на одделенија

30 октомври	а. Се собираат буџетските барања б. Барањата се анализираат,усогласуваат и поднесувааат до Градоначалникот в. Се изготвува билансот на приходи г. Се изготвува билансот на расходи	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
ноември	Градоначалникот го разгледува и одобрува Нацрт-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот	Градоначалник
крај на ноември	Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува прв пат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања	Совет на Општина
декември	Се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот	Градоначалник
декември	Се води расправа во телата на Советот на Општината	Комисија за финансирање и буџет
крај на декември	Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември)	Совет на Општина
јануари	Започнува новата буџетска година	

Број 0701-1348/3
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина
Велес,

51.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-изменувањето и дополнувањето на урбанистички план вон населено место Урбана единица 2, блок 1 и 2 Езеро Младост - Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-изменувањето и дополнувањето на урбанистички план вон населено место Урбана единица 2, блок 1 и 2 Езеро Младост - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/2
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02)
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-урбанистички план вон населено место, Урбана единица 2, блок 1 и 2 езеро Младост – Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес ја утврдува Нацрт-измената и дополна на урбанистички план вон населено место урбана единица 2, блок 1 и 2 езеро Младост – Велес.

По утврдувањето на Нацрт-измената и дополна на урбанистички план вон населено место урбана единица 2, блок 1 и 2 - езеро Младост – Велес. ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатени медиуми.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1348/4
27.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

52.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/3
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06), а согласно Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година („Сл. гласник на Општина Велес"бр.22/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.03.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Член 1

Градителот на помошни фудбалски игралишта – Агенција за млади и спорт на Република Македонија Скопје, се ослободува од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на нови градби-помошни фудбалски игралишта во Велес.

Член 2

Локациите на градбите помошни фудбалски игралишта од предходниот член на оваа Одлука се :

1.Во централно градско подрачје – Градски парк на КП бр.1809/9-дел и КП бр.2041-дел сопственост на Република Македонија.

2.На Езеро Младост КП бр. 18/1-дел КО Башино Село сопственост на Република Македонија.

Член 3

Вредноста на средствата за плаќање на надоместокот од кои се ослободува Агенција за млади и спорт на Република Македонија Скопје е учество на Општина Велес во изградбата на новите градби помошни фудбалски игралишта.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1348/5
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

53.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на режимот на сообраќај на улиците „Маршал Тито", „Гоце Делчев", „Страшо Пинџур" и плоштад „Маршал Тито"

Се објавува Одлуката за утврдување на режимот на сообраќај на улиците „Маршал Тито", „Гоце Делчев", „Страшо Пинџур" и плоштад „Маршал Тито", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/4
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 368-б од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ " бр. 14/98, 38/02 и 38/04), член 90 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ " бр. 26/96,40/99,96/00,29/02 и 68/04) и член 45 ,став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.03.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на режимот на сообраќај на улиците „Маршал Тито", „Гоце Делчев" , „Страшо Пинџур" и плоштад „Маршал Тито"

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува режимот на сообраќај на улиците „Маршал Тито", „Гоце Делчев", „Страшо Пинџур" и плоштад „Маршал Тито".

Член 2

Сообраќајно се уредува плоштадот во Велес по принципот на раскрсница уредена како ротонда (кружен тек) во која се вкрстуваат улиците „Маршал Тито", „Илинденска", „Никола Оровчанец" и „Гоце Делчев".

Член 3

Режимот на сообраќај на дел од улиците „Маршал Тито", „Гоце Делчев" и „Страшо Пинџур" ќе се одвива како еднонасочно движење на сообраќајот и тоа:

- еднонасочно движење на сообраќајот на делот од ул.„Маршал Тито" започнува од пресекот со ул.„Владимир Назор" , а завршува со пресекот на улицата „Маршал Тито" со раскрсницата со кружниот тек на сообраќајот;
- еднонасочно движење на сообраќајот на улицата.„Гоце Делчев" започнува од излезот од раскрсницата со кружен тек на сообраќајот, продолжува до спојот на ул.„Гоце Делчев" со ул.„Страшо Пинџур", односно по ул.„Страшо Пинџур" и завршува до пресекот на ул.„Страшо Пинџур" со ул.„Маршал Тито".

Член 4

За регулирањето на режимот на сообраќај на улиците „Маршал Тито", „Гоце Делчев" и „Страшо Пинџур" ќе се постави соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација согласно сообраќајниот проект кој е составен дел на оваа Одлука.

Член 5

Како паркинг простор за надолжно паркирање на патнички возила, се определува просторот на дел од коловозот на ул.„Маршал Тито" и тоа на делот каде што сообраќајот ќе се одвива еднонасочно.

Член 6

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на ул.„Маршал Тито" и ул.„Гоце Делчев" во Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.6/01 и 1/02).

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува по поставувањето на хризонталната и вертикалната сигнализација согласно Сообраќајниот проект.

Број 0701-1348/6
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

54.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/5
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ" бр. 127/06), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.03.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес"бр. 4/05 и 1/07) во член 2 табелата се брише и се заменува со следната табела:

Ред.бр.	Име на такси станица	Локација на такси станица	Капацитет
1	Хотел Вила Зора	ул„Димитар Влахов" на коловоз	3
2	Градски пазар 1	ул„Н.Бутникошарова" на паркинг	7
3	Градски пазар 2	ул„Петре Прличко" на паркинг	6
4	Автобуска станица	На паркинг пред Агенција за вработување	10
5	„Малина"	На паркинг на ул" ЈХК Џинот“	5
6	Долни дуќани	ул„Д.Најдов" на паркинг	3
7	Тутунска банка	ул„Маршал Тито" на коловоз	5
8	Стоковна куќа	ул„Маршал Тито" на коловоз	4
9	Фонтана центар	ул„Страшо Пинџур" на паркинг	5
10	Народен музеј	Ул „Маршал Тито" на коловоз	5
11	Македонски телекомуникации	ул„Благој Ѓорев" на паркинг	3
12	АРМ	ул„Благој Ѓорев" на паркинг	5
13	„Ерик"	ул„Благој Ѓорев" на коловоз	3
14	„Гламур"	ул„Благој Ѓорев" на коловоз	3
15	Гимназија „К.Рацин"	ул„Благој Ѓорев" на коловоз	8
16	„Ара"	ул„Благој Ѓорев" на паркинг	5
17	„Агриа"	ул„Благој Ѓорев" на коловоз	10
18	Трговски центар	ул„Благој Ѓорев" на коловоз	12
19	Болница	на паркинг пред влез во болница	5
20	УЗУС	На паркинг пред училиште	3
21	Железничка станица	Пред жел. Станица на коловоз	10
22	Општина	На паркинг пред општина	3

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1348/7
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

55.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување локација за депонија, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување локација за депонија, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/6
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 3 став 1 точка 6 и 8 од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ"бр.45/97,23/99, 45/02 и 16/04), член 6 од Законот за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад („Сл.весник на РМ"бр.37/98), член 54 од Законот за управување со отпадот („Сл. весник на РМ" бр.68/04) и член 45 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.03.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и допополнување на Одлуката за определување локација за депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и допополнување на Одлуката за определување локација за депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 2/02).

Член 2

Во Одлуката во член 4, „ точката" по зборот „депонија" се брише и се додава текстот „со плаќање на определен надоместок на управувачот со депонијата, со цена утврдена од страна на Советот на Општина Велес".

Член 3

Во Одлуката текстот од член 5 се брише и се заменува со следниов текст:

„Со депонијата од член 1 ќе управува и ќе се грижи за нејзиното уредување и одржување ЈКП „Дервен".

ЈКП „Дервен" е должно да го огради просторот на депонијата, да изведе прописна бетонска пристапна рампа за непречено и безбедно депонирање на отпадниот градежен материјал, да обезбеди контролирано влегување, излегување и депонирање на сметот".

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1348/8
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

56.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за уредување и одржување на јавните санитарни јазли

Се објавува Одлуката за уредување и одржување на јавните санитарни јазли, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/7
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 3 став 1 точка 17 од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ"бр.45/97,23/99, 45/02 и 16/04), член 6 од Законот за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки одпад („Сл.весник на РМ"бр.37/98) и член 4, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.03.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за уредување и одржување на јавните санитарни јазли

Член 1

Со оваа Одлука на ЈКП „Дервен", се даваат на стопанисување јавните санитарни јазли кои се наоѓаат на улица „Илинденска" и улица „Петре Прлико" во Велес.

Член 2

Вршењето на дејноста за уредување и одржување на јавните санитарни јазли во Велес, ЈКП „Дервен", треба да ги извршува согласно со законските прописи.

Член 3

Цената на услугите кои ги нуди управувачот со јавните санитарни јазли во Велес ќе ја утврди Советот на Општина Велес на предлог на ЈКП „Дервен".

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1348/9
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

57.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање намена на објекти

Се објавува Одлуката за давање намена на објекти, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/8
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.03.2007 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање намена на објекти

Член 1

Со оваа Одлука се дава намена на следните објекти:

-Зградата што ја користи Општинското основно училиште „Благој Кирков" на ул. „Иво Лола Рибар" бр. 4, КП бр.5263 Велес;

- Зградата што ја користи Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов Џинот" на ул.„Петре Прличко" бр. 42, КП бр.2779 Велес;

- Зградата што ја користи Факултетот за туризам и организациони науки на ул. „Алексо Демниевски" бр.11, КП бр.1999.

Член 2

На објектот зграда на ул.„Иво Лола Рибар" бр. 4 КП бр. 5263 Велес му се дава намена-Училишна зграда за училиштата: ООУ. „Благој Кирков" Велес и ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот" Велес.

Член 3

На објектот зграда на ул.„Петре Прличко" бр.42, КП бр.2779 Велес му се дава намена - зграда за изведување настава на високообразовните институции: Факултет за туризам и организациони науки од Охрид на Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола – дисперзирани студии Велес, Факултет за електротехника и информациски технологии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје – дисперзирана настава во Велес по информатика, електроника и енергетика (Електроника,ИКИ,ЕЕ) и други високообразовни институции од земјата и странство.

Член 4

На објектот зграда на ул. „Алексо Демниевски" бр.11, КП бр.1999 му се дава намена - Локална библиотека „Гоце Делчев" Велес во чии рамки ќе делува читална, медиотека и игротека и во која ќе се определи просторија за работа на Стрип центарот на Македонија.

Член 5

Доколку не дојде до зголемување на дисперзираните студии во Велес со отворање на нови катедри или насоки на некои од факултетите од Република Македонија или странство, примената на оваа Одлука ќе се одложи до моментот на создавање услови за нејзина реализација.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 1.08.2007 година.

Број 0701-1348/10
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

58.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/9
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.03.2007 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/07) се врши измена и дополнување во член 1 каде после зборот „Светлина" се додаваат зборовите„ и на Здружението за заштита на човековите права на прогонетите од Егејскиот дел на Македонија „Ѕвезда"".

Член 2

Во член 2 од Одлуката после зборот „Светлина " се додаваат зборовите „и Здружението за заштита на човековите права на прогонетите од Егејскиот дел на Македонија „Ѕвезда".

Член 3

Во член 3 од Одлуката после зборот „Светлина" се додаваат „запирка" и зборовите „Здружението за заштита на човековите права на прогонетите од Егејскиот дел на Македонија „Звезда".

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1348/11
27.03.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

59.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план на дел од „Тунел 2" - Велес

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план на дел од „Тунел 2" - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.03.2007 година.

Број 0801-1378/10
28.03.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.03.2007 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план на дел од „Тунел 2"- Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план на дел од „Тунел 2" – Општина Велес.

Документацијата за донесување на детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05), Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот („Службен весник на РМ“ бр.02/02) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.02/02).

Член 2

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план на дел од „Тунел 2" – Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 1,73 ха.

Во докумантационата основа и во планираниот развој опфатен е еден урбан модул, а просторот се состои од седум урбанистички парцели од кој од 1.1 до 1.6 се со намена за мало стопанство и сервиси, а 1.7 е заштитно зеленило.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

На запад улицата „Благој Ѓорев“.
На север улицата „Живко Фирфов“.
На југ границата оди по јужната страна на КП 17887.
На исток границата ја сече КП 17887.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план на дел од „Тунел 2" – Општина Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

Извештај од стручната консултација и јавната анкета на Детален урбанистички план на дел од „Тунел 2" – Општина Велес.

Член 4

